Врз основа на член 172 став 1 од Законот за животна средина (“Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 И 39/16) и Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година (“Службен весник на Република Македонија” бр.17/2018), Министерството за животна средина и просторно планирање објавува:

**Конкурс за распределување на средства**
**за финансирање и реализирање на програми, проекти и**
**други активности од областа на животната средина за 2018 година**

1. Општи одредби

1.1. Распределување на средства од Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година се врши по пат на јавен конкурс, којшто го објавува и спроведува Министерството за животна средина и просторно планирање, со седиште на бул. Гоце Делчев бр.18 (зграда на МТВ), Скопје (тел: 3251-400 факс: 3220-165).

1.2. Опис на конкурсот: „Распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2018 година“, во согласност со член 174 од Законот за животна средина, како и Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година, („Службен весник на Република Македонија” бр.17/2018).

1.3. Корисници на средствата од дел IV точка 1 од Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година (Изработка на техничка документација и изградба на канализациони системи и системи за одведување и пречистување на отпадни води во износ од 45.000.000,00 денари) и членовите 173 и 176 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) се општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје.

1.4. Корисници на средствата од дел IV точка 2 од Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година (Реализирање на проекти и активности за заштита на природата и биолошката разновидност) во износ од 4.000.000,00 денари) и членовите 173 и 176 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија” бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) се правни и физички лица, непрофитни и невладини организации и научни и образовни институции.

1.5. Корисници на средствата од дел IV точка 3 од Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година (Реализирање на проекти и активности за подигање на јавната свест, едукација и обука во областа животна средина во износ од 8.000.000,00 денари) и членовите 173 и 176 од Законот за животна

средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) се правни и физички лица, непрофитни и невладини организации и научни и образовни институции.

1.6. Корисници на средствата од дел IV точка 4 од Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година (Поттикнување на образовни, истражувачки и развојни студии, програми, проекти и други слични активности за заштита и унапредување на животната средина и природата во износ од 6.000.000,00 денари) и членовите 173 и 176 од Законот за животна средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16) се правни и физички лица, непрофитни и невладини организации и научни и образовни институции.

2. При оценувањето на програмите, проектите и активностите, жири комисијата ќе ги цени работите согласно член 174 став (2) од Законот за животна средина и ќе ги има во предвид следните критериуми:

**а) Основни критериуми кои треба да ги исполнуваат правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни институции што учествуваат на овој Конкурс се:**

- Да се занимаваат со активности и проекти од јавен интерес;
- Да не добиле средства или поднеле барање до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и проект/активности за кои поднесуваат барање, а што би значело двојно финансирање на истите проект/активности од различни извори; и
- Да има уредно пополнето барање за добивање на средства.

**б) Проценка на квалитетот на проектите за правни и физички лица, непрофитни и невладини организации, научни и образовни институции кои ги исполнуваат основните критериуми, ќе се врши врз основа на следните посебни критериуми:**

| **Област** | **бодови** |
|---|---|
| 1. Дали целта на проектот е јасно определена | 20 |
| 2. Дали целната група опфатена со проектот е соодветно определена | 20 |
| 3. Дали активностите за реализација на проектот се јасно определени и доведуваат до остварување на предвидените езултати | 20 |
| 4. Дали временската рамка за спроведување на проектот е јасна и остварлива | 20 |
| 5. Дали предложениот буџет за спроведување на проектот е реален (описот на трошоци по категории и позиции соодветствува на пазарните цени) | 20 |
| **вкупно бодови** | **100** |

Секоја област од посебните програмски критериуми ќе се вреднува со 5, 10 или 20 бодови, со следното значење: 5-не; 10-делумно и 20-да.

**в. Критериуми кои треба да ги исполнуваат општини или здруженија на општини, општините во градот Скопје и градот Скопје што учествуваат на овој Конкурс се:**

| **Област** | **бодови** |
|---|---|
| 1. Да има уредно пополнето барање за добивање на средства | 20 |
| 2. Да има обезбедена документација согласно Закон за спроведување на проектот | 20 |
| 3. Да има детално разработен буџет и оправданост на трошоците за реализација на проектот | 20 |
| 4. Обезбедени дополнителни средства за кофинансирање на проектот од сопствени или други извори | 20 |
| 5. Да не добиле средства или поднеле барање до друг орган на државната управа или други извори за иста намена и проект/активности за кои поднесуваат барање, а што би значело двојно финансирање на истите проект/активности од различни извори | 20 |
| **вкупно бодови** | **100** |

Секоја област од посебните програмски критериуми ќе се вреднува со 5, 10 или 20 бодови, со следното значење: 5-не; 10-делумно и 20-да (за категорија со висина до 20 бодови).

3. Барањата за распределување на средства заинтересираните субјекти треба да ги достават на образец кој е даден во прилог на овој конкурс и е негов составен дел, а кој ќе биде достапен и во електронска верзија на веб страната на Министерството за животна средина и просторно планирање (www.moepp.gov.mk) Во случај на поднесување на барање за распределба на средства кое се однесува на финансирање на инвестиционен проект, кон барањето треба да биде приложена и комплетната техничка документација/или физибилити студија за проектот, во зависност од фазата на проектот.

4. Рок и начин на поднесување на барањата за распределување на средства.
    - Рокот на доставување на барањата изнесува 15 дена од денот на објавувањето на Конкурсот во Службен весник на Република Македонија.
    - Доставените барања кои ќе пристигнат по истекот на рокот за доставување и кои нема да бидат во согласност со условите од Конкурсот нема да бидат разгледувани од страна на жири комисијата.
    - Барањата можат да се предадат во архивата на Министерството за животна средина и просторно планирање секој работен ден од 09.00 до 15.00 часот или по пошта на адресата на Министерството, бул. Гоце Делчев бр.18 (зграда на МТВ, 10 спрат), 1000 Скопје.
    - Резултатите од спроведениот конкурс ќе бидат објавени во Службен весник на Република Македонија.

**Жири Комисија**

**ПРИЛОГ**

**Барање за добивање на средства од**
**Програмата за инвестирање во животната средина за 2018 година**

| **1. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА ПРОЕКТОТ** | | | |
|---|---|---|---|
| Наслов на проектот: | Доставен на: ____________ ден/месец/година | | |
| Проектна област: | Времетраење на проектот: __________ месеци<br>Почеток на проектот ________________<br>Краен рок _________________________ | | |
| Потребна сума со ДДВ _____________ МКД | | | |
| **1.1 Вид на проект** | | | |
| | **Обележете** | | **Обележете** |
| Изработка на Физибилити студија | | Спроведување на научно истражувачки активности | |
| Изработка на Идеен проект | | Спроведување на образовни активности | |
| Изработка на Главен проект | | Спроведување на активности во областа природа и биодиверзитет | |
| Припрема на документи за оценка на влијанието врз животната средина | | Изработка на студија или друг тип на документ | |
| Реализација на инвестиционен проект - набавка на опрема или материјали | | Обука и кампања за подигање на јавната свест | |
| Реализација на инвестиционен проект - градежни работи | | Поттикнување на воннаставни активности | |
| Друго (наведи) | | Друго (наведи) | |

| **2. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА БАРАТЕЛОТ** | |
|---|---|
| Име на барателот | |
| Адреса на барателот | |
| Одговорно лице за проектот | |
| Функција на одговорно лице во проектот | |
| Телефон/факс | |

| | |
|---|---|
| E-mail | |
| Даночен број на барателот | |
| Број на сметка на барателот | |
| Име на банка | |

| 3. ПОДАТОЦИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ | |
|---|---|
| **Учесници во проектот и целни групи** | |
| Организација одговорна за имплементација на проектот | |
| Останати учесници во проектот (заинтересирани страни) | |
| Договори за соработка/ партнерство | |
| Целни групи опфатени со проектот | |
| Мислење на заинтересираните учесници | |

| **4. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТ** |
|---|
| **Вовед** |
| Состојба на животната средина / осетливост: |
| Сегашна состојба / пракса: |
| **Оправданост на проектот** |

| Клучни проблеми | Основни причинители | Основни очекувани ефекти |
|---|---|---|
| | | |
| | | |
| | | |

| **Значење на проблемот на животната средината (само за инвестиционен проект)** | |
|---|---|
| Област (регион) / население на кое влијае загадувањето | |
| Вид / опасност од загадувањето | |

| **4.1 Опис на проектот** | |
|---|---|
| Проектни цели | Специфични проектни цели |
| | |
| | |
| | |
| **Активности за спроведување на проектот** | **Резултати од спроведување на проектот** |
| | |
| | |
| | |
| | |

| **Законски и сопственички прашања (само за инвестиционен проект)** | |
|---|---|
| Сопственост на земјиште | |
| Одобренија/Дозволи | |
| Друга документација согласно закон | |

| 5. ВРЕМЕНСКИ РАСПОРЕД ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ | | |
|---|---|---|
| Реден број | Активност | Број на месеци |
| 1 | | |
| 2 | | |
| 3 | | |
| 4 | | |
| 5 | | |
| 6 | | |
| 7 | | |
| 8... | | |

| 6. ПРЕГЛЕД НА БУЏЕТОТ ПОТРЕБЕН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЕКТОТ (да се пополни табелата само за оние трошоци кои ќе се спроведуваат во рамки на проектот) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Буџетска линија | Ед.мерка | Единечна цена | Вкупен број | Вкупно |
| 1. Трошоци за ангажирани лица | | | | |
| 1.1 Координатор на проектот | | | | |
| 1.2 Асистент на проектот | | | | |
| 1.3 Консултант/експерт 1 | | | | |
| 1.4. консултант/експерт 2... | | | | |
| Вкупно 1: | | | | |
| 2. Услуги за изработка на документација (само за инвестиционен проект) | | | | |
| 2.1 Ангажирање на правно лице | | | | |
| | | | | |
| Вкупно 2: | | | | |
| 3. Градежни работи (само за инвестиционен проект) | | | | |
| 3.1 Ангажирање на правно лице | | | | |
| | | | | |
| Вкупно 3: | | | | |
| 4. Набавки (само за инвестиционен проект) | | | | |
| 4.1 Ангажирање на правно лице | | | | |
| | | | | |
| Вкупно 4: | | | | |
| 5. Јавни настани | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5.1 Јавен настан 1 | | | | |
| 5.2 Јавен настан 2 | | | | |
| **Вкупно 5:** | | | | |
| **6. Останати трошоци (наведете кои)** | | | | |
| 6.1 Непредвидени | | | | |
| 6.2 Ревизија на проектот | | | | |
| 6.3 ........................ | | | | |
| **Вкупно 6:** | | | | |
| **Вкупно трошоци Σ (вкупно 1 до 6):** | | | | |
| **Се вкупно** | | | | |

## 7. ИЗЈАВА

Јас, овластено лице на ________________________________ потврдувам дека за програмата/проектот/активноста __________________________ не е поднесено или одобрено друго барање за доделување на средства до друг орган на државна управа или друг извор на финансирање.

________________________________________________________________

(Потпис и печат на
овластено лице)